ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 09-4800/2
15.09.2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 05/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24) и точка 4.16 од Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2026 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје"бр.15/2025) од 24.12.2025 и Програмата за измена и дополнување на Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2026 година бр. 08-4042/11 од 14.7.2026 година („Службен гласник на Општина Центар–Скопје" бр.8/26), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје објавува

**О Г Л А С**
**за доделување стипендии на талентирани ученици од областа на културата од општинските основни училишта на територијата на Општина Центар-Скопје за учебната 2026/2027 година**

Општина Центар-Скопје доделува стипендии за талентирани ученици од VIII и од IX одделение од општинските основни училишта на територијата на Општина Центар-Скопје.

**I Услови за доделување стипендија**
Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:
- да се редовни ученици во VIII и во IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Центар-Скопје;
- да оствариле континуиран успех одличен (5.00) во последните три учебни години.

**II Критериуми за доделување стипендија**
Освоени награди од областа на културата (сите видови на уметност) во последните три учебни години, односно ќе се вреднува успехот од натпреварите постигнат од 1.9.2023 година:
- прво место градски (општински) натпревар (0,5 бод);
- прво место регионален натпревар (1 бод);
- прво или второ место државен натпревар (2 или 1,5 бода);
- прво или второ место меѓународен натпревар (3 бода или 2,5 бода);
- добитник на Годишната награда на Општина Центар-Феникс (1 бод);
- се вреднува само индивидуалниот успех на ученикот;
- право на разгледување имаат само дипломи од лиценцирани организатори на натпревари;
- ќе се признаваат дипломи од меѓународни натпревари со учество на минимум пет држави.

**III Потребни документи**
Со барањето кандидатот треба да достави:
- потврда од училиштето дека е редовен ученик;
- биографија;
- контакт телефон на родител-старател;
- фотокопии од дипломи од освоени награди на натпревари од областа на културата од последните три учебни години, односно ќе се вреднува успехот од натпреварите постигнат од 1.9.2023 година;
- фотокопии од сведителства за постигнат успех во последните три учебни години.

**IV Висина на стипендијата и рангирање**

- Стипендијата изнесува 4.000,00 денари и 4.500,00 денари месечно, осум месеци во текот на учебната година;
- За освоени од пет (7) до четириесет (40) бода стипендијата изнесува 4.000,00 денари;
- За освоени повеќе од четириесет (40) бода стипендијата изнесува 4.500,00 денари.

**V Начин на пријавување**

Документите треба да се доставуваат до Архивата на Општина Центар-Скопје или по пошта на ул. „Михаил Цоков" бр. 1 - Скопје со назнака „За доделување стипендии на талентирани ученици од областа на културата од општинските основни училишта на територијата на Општина Центар-Скопје".

Пријавите ги разгледува и по нив одлучува општинска комисија формирана за овој Оглас.

**VI Рок за поднесување документи**

Краен рок за поднесување документи е 23.9.2026 година.

Нема да се разгледуваат документи што не се комплетни и оние што не се доставени навреме.

- Секој заинтересиран ученик може да поднесе документи само на еден (1) оглас – култура; науки, техника и посебни вештини или спорт. Доколку поднесе во различни категории, документите нема да се разгледуваат.
- Комисијата го вреднува индивидуалниот успех постигнат во последните три учебни години, односно се вреднува успехот постигнат од 1.9.2023 година.

**VII Решенија за стипендии според одлука на Комисијата**

Општина Центар-Скопје има цел од секое училиште да се избере најмалку еден ученик, иден стипендист, кој во наведениот период постигнал одредени резултати и ги исполнува условите. Во согласност со одлуката на Комисијата за спроведување постапка за доделување стипендии, градоначалникот донесува решенија. По исклучок, доколку од некое училиште нема ученик што целосно ги исполнува критериумите и условите, Комисијата избира ученик што покажал највисоки резултати на одредени натпреварувања и својата одлука за тоа му ја доставува на градоначалникот за донесување решение.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на ОПШТИНА ЦЕНТАР-Скопје**
**д-р Горан Герасимовски**

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ